MERMEREN Kombinat

# ИЗВЕШТАЈ

## Од работењето на Одборот на директори за 2011 год.

Одборот на директори во текот на 2011 година своите активности ги остваруваше на состаноци на Одборот. Вкупно беа одржани девет (9) состаноци на кои беа разгледувани прашања од надлежност на Одборот и по истите беа донесувани соодветни одлуки. Од поважните прашања кои беа разгледувани и по кои беа донесени соодветни одлуки, хронолошки ќе ги споменеме следниве:

1.Разгледување на извештајот на централната пописна комисија од извршениот попис на средствата и изворите на средствата со состојба 31-12-2010 год.

2.Одлука за утврдување на плански цени на готови производи.

3.Одлука за набавка на основни средства.

4.Одлука за избор на вршител на должноста извршен член на Одборот на директори.

5.Одлука за донирање на мермерни плочки во вкупна количина од 4000 м2 на Општина Прилеп за поплочување на централниот плоштад.

6.Одлука за вршење попис на имотот и обврските со состојба 31-12-2011 год.

7.Одлука за превземање на сите законски правни средства за наплата на долгот од Фалерко.

Во текот на 2011 година продолжени се процесите и активностите во Друштвото од аспект на зголемување на продуктивноста, намалување на трошоците по единица производ, осовременување на производните процеси и воведување на нови технологии. Во контекс на ова треба да се спомене дека во преработката на мермерните производи се воведе обработка со CNC технологија, со што Мермерен Комбинат ја зголеми својата конкурентност на светските пазари. Исто така се пристапи кон имплементација на ERP системот како интегрален систем кој ќе овозможи континуирано следење на состојбите и активностите во Друштвото како и поголема ефикасност во работењето.

Следејќи ја потребата за нов, млад и едуциран кадар, Друштвото и во оваа година реализира нови вработувања, со што континуирано се подобрува структурата на вработените.

Многу е важно да се потенцира дека Друштвото активно продолжи со спроведување мерки за зголемување на безбедноста при работа, спроведувајќи ги во целост одредбите од Законот за безбедност и здравје при работа. Во тој поглед завршена е и постапката за проценка на ризик по работни места и изготвување на изјава за безбедност.

Една од поважните одлуки што ја донесе Друштвото е и одземањето на ексклузивитетот за продажба на FHL Kyriakidis на производите на Мермерниот Комбинат.

Следствено на тоа Мермерен Комбинат во 2011 година самостојно се појави на неколку меѓународни саеми со својата палета на производи од кои поважни се саемите во Туркменистан и во Дубаи.

Одборот на своите состаноци разгледуваше и други прашања поврзани со процесите на работењето се со цел за успешно извршување на планските задачи.

Мај 2012 година

Одбор на Директори